


Сектор за човечки ресурси го зајакнува својот тим на успешни професионалци и нуди можност за работа во сегментот за развој на вработени.

Одлична можност за примена на твоите знаења и вештини на клучна улога во развој на потенцијалите и компетенциите на вработените во Банката, преку имплементација на современи стратегии за континуиран раст и развој на вработени, како дел од сеопфатната стратегија за човечки ресурси.

Доколку имаш желба за достигнување на своите потенцијали и амбиција за успешно справување со предизвиците на модерниот менаџмент со човечки ресурси, те охрабруваме да се пријавиш на отворената работна позиција:

# Сениор советник за човечки ресурси (Сегмент развој на вработени)

**Твоите работни цели:**

- Грижа за континуиран развој на вработените преку планирање и спроведување на ефективна стратегија и систем на развојни програми, обуки и едукација;
- Дефинирање и спроведување на индивидуални развојни планови и програми за лидерски и стручни вештини, развој на таленти и наследници, како и развивање на дигитални вештини;
- Креативен пристап за поддршка на културата на учење, преку дефинирање и спроведување на тренинг центри, иновативни активности, работилници и настани;
- Систематско следење на имплементираните програми за развој и евалуација на ефикасноста и задоволството на вработените од спроведените практики и активности, како и континуирано унапредување на истите;
- Дизајнирање и унапредување на интерната академија на обучувачи и ментори, како основа за градење на систем на континуирано учење;
- Следење на актуелните трендови во индустријата и најдобрите практики за грижа и развој на вработените;
- Спроведување на други активности, меѓу кои и организација на работилници, тим-билдинг активности и други настани за вработените, во насока на позитивна организациска култура, ангажираност и поддршка на брендот на работодавач кој се грижи за вработените и нивното искуство на работното место;
- Соработка со надворешни партнери за креирање и спроведување на традиционални и дигитални едукативни развојни програми.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование;
- Најмалку 3 години работно искуство во сегментот на управување со човечки ресурси со фокус на развојот на вработените;
- Искуство во дизајн и спроведување на обуки и развојни програми;
- Одлично познавање на современите трендови на менаџментот со човечките ресурси;
- Одлично познавање на англиски јазик (усна и писмена комуникација);
- Високо развиени организациски и комуникациски вештини, со способност за ефективна интеракција со поединци и групи на сите нивоа во компанијата;
- Аналитички начин на размислување со способност за собирање и интерпретација на податоци за донесување на одлуки;
- Напредно користење на MS Office и информациски системи за човечки ресурси;
- Релевантни сертификати од областа на човечки ресурси;
- Способност за креативно и иновативно размислување;
- Високо развиен тимски дух и самоиницијативност.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Водечки регионален бренд и современо работно опкружување;
- Професионален тим со амбициозни развојни цели;
- Позитивна организациска култура базирана на отворена комуникација, меѓусебната поддршка и доверба;
- Грижа за добросостојбата на вработените и балансот помеѓу приватниот и професионалниот живот, флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Напредни обуки и индивидуален кариерен развој; менторство од врвни експерти во областа;Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата, бонуси и надоместоци (вклучувајќи и приватно здравствено осигурување, трет пензиски фонд, новогодишна награда, проектни бонуси).

Потврди го твојот интерес со доставување на кратка биографија (CV) најдоцна до **22.01.2025** на NLBKariera@nlb.mk со назнака за **Сениор советник за човечки ресурси.**

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

NLB Banka